| |
|---|
| *Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*<br><br>*Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*<br><br>*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*<br><br>*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.* |
| **Оддели во рамките на подрачјето**<br><br>**2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Задржување/осипување на учениците**<br>**2.3 Повторување на учениците** |

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Дневник на паралелки<br>Главна книга<br>Евиденција на училишната педагошка служба<br>Анализа на успехот и поведението<br>Годишен извештај за успехот и постигнатите резултати на училиштето во учебна 2017/18, 2018/2019, 2019/2020г.** | Училиштето има важна улога во подобрување на постигнувањата на учениците. Тоа го постигнува со примена на ИКТ во наставата, примена на современи наставни облици, одржување на дополнителна настава, се превземаат активности за поголема редовност на учениците, како и поинтензивна и квалитена соработка со родителите. Во училиштето се прават разни анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, по полова и етничка припадност за сите класификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години. Во рамките на активностите за подобрување на постигнувањата на учениците родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Така покрај непосредно, учениците и индитрекно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладуваат материјалот.<br><br>**Констатации од добиените податоци од извршената споредба на средниот успех по паралелки и одделенија:**<br>-Од извршената анализа се забележува пораст на постигнатиот полугодишен среден успех кај учениците од шесто до деветто одделение кој во учебната 2017/2018 изнесувал 3.31%, во учебната 2018/2019 изнесувал 3.48% и во учебната 2019/2020год е 3.60%. Додека пак кај учениците од четврто и петто одделение постигнувањата се намалуваат. Имено во учебната 20172018год учениците од четврто и петто одделение имаат полугодишен среден успех 4.06, учебната 2018/2019год – 4.10 и во учебната 2019/2020год средниот успех изнесува 4,03.<br><br>**Констатации од добиените податоци од извршената споредба на средниот успех по паралелки и одделенија на крајот од учебната година:**<br>Од извршената анализа на крајот од учебните години од годишните извештаи може да се согледа порастот на средниот успех на учениците од шесто до деветто одделение кој во учебната 2017/2018год изнесувал 3.59%, во учебната 2018/2019год изнесувал 3.78% и во учебната 2019/2020год. изнесува 3.98%. Кај учениците од четврто и петто одделение исто така постои пораст на средниот успех. Во учебната 2017/2018год изнесува 4.17%, во учебната 2018/2019 – 4.19% и во учебната 2019/2020год изнесува 4.27%.<br>**Во однос на споредбената анализа помеѓу машки и женски ученици успехот е следниот:**<br>- Во учебната 2017/2018год машки - 3.79, женски – 3.94;<br>- Во учебната 2018/2019год машки – 3,70, женски 3.72; |

| | |
|---|---|
| | - Во учебната 2019/2020год машки – 3.84, женски 4,13.<br>Се забележува дека успехот на девојчињата на крајот од сите три учебни години е повисок од успехот на машките.<br><br>**Во однос на извршента споредба на успехот по предмети на полугодие постигнувањата на учениците од *шесто до деветто одделение* -**<br>-Во учебната 2017/2018 год. на крајот од првото полугодие најнизок успех има по предметот математика кој изнесувал 2.5;<br>-Во учебната 2018/2019 год на крајот од првото полугодие најнизок успех има по предметот француски јазик кој изнесувал 2.59;<br>-Во учебната 2019/2020год на крајот од првото полугодие најнизок успех има по предметот хемија кој изнесува 3.11.<br>Постигнувањата на учениците по овие предмети кои покажуваат најнизок успех се можат да се подобрат со организирање на дополнителна настава. Имено секој наставник на почетокот од учебната година изготвува годишна програма за оваа форма на настава според планираниот број на часови и секој од нив ја реализира во текот на учебната година.<br>На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на дополнителна, додатна настава и слободни активности, според планираниот број на часови во рамките на една паралелка.<br>-Кај учениците од ***четвртто и петто одделение*** најнизок е средниот успех по предметот природни науки .<br>Највисок среден успех во трите учебни години од сите паралелки има IV-2, односно V-2 во учебната 2017/2018год.<br>Кај учениците IV-1/V-1 од се забележува намалување на успехот во текот на учебните години.<br><br>**Констатации од добиените податоци од извршената споредба на успехот на учениците според полот на крај од првото полугодие -**<br>-се забележува дека процентот на *одличните ученички односно девојчињата* во сите учебни години е *повисок* од оној на момчињата.<br>-Кај многу *добрите ученици бројот /процентот на момчињата* е *поголем* од бројот/процентот на девојчињата особено во учебната 2017/2018год.<br>-Кај *добрите ученици* бројот/процентот на момчињата е скоро еднаков на бројот/процентот на девојчињата во учебните 2017/2018год и 2018/2019год; поголема разлика помеѓу момчињата и девијчињта има во учебната 2019/2020год.<br>-Ка учениците со *доволен успех* бројот/процентот на момчињта во учебната 2017/2018 и 2018/2019год е скоро *еднаков* со оној на девојчињата, додека во учебната 2019/2020год бројот /процентот на ученици од женски пол со доволен успех е *поголем* од успехот на учениците од машки пол.<br>-што се однесува до бројот/процентот на ученици со слаби оцени се забележува дека кај момчињата тој е поголем во учебната 2017/2018 и 2018/2019год, а во учебната 2019/2020год тој е еднаков со |

| | |
|---|---|
| | бројот/процентот кај девојчињата.<br><br>**Во поглед на етничката припадност се забележува дека средниот успех кај албанските паралелки е повисок од среднот успех во македонските паралелки.**<br>-Во сите учебни години на ниво на одделение, општиот среден успех на девојчињата е *поголем* од општиот среден успех на момчињата како во македонските така и во албанските паралелки.<br>**Изостаноците како вкупен број 2543 во учебната 2017/2018год (7,9 по ученик), 2747 во учебната 2018/2019 (9 по ученик) се намалени на 2213 во учебната 2019/2020 (6,7 по ученик) на полугодие.**<br>Ваквото намалување на изостаноците се должи пред се на поголема контрола во училиштето, односно се следи редовноста на учениците преку евидентирање на отсуствата во дневниците на паралелката на крајот на прво и трето тромесечие, на полугодие и на крај на учебната годинаи со истите ги запознава Одделенскиот, Наставничкиот и Советот на родители. Навремено изрекување и почитување на педагошките мерки, што позитивно се одрази на успехот и дисциплината кај учениците.<br><br>Во училиштето се врши споредување на тежинските нивоа на резултатите преку тестови по наставни предмети, а на крајот од учебната година се спроведува екстерно тетсирање од страна на Министерството за образованире и наука, каде секој ученик е тестиран по два предмета.<br>Учениците со потешкотии во учењето, се идентификуваат при следење на нивните постигнувања во текот на учебната година од страна на наставниците и консултации со стручните соработници. Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со нивните родители, за што се приложува и медицинска потврда(наод и мислење ) од компететни институции. Притоа се превземаат различни мерки, како што се диференцирани тестови, разговори, советувања, посета на домови, разговори со родители, организирање на дополнителна настава, упатување и соработка со специјализирани институции.<br>Од извештаите кои се прават од страна на одделенските и класните раководители заедно со педагогот и психологот на крајот од учебната год. може да се увиди дека сите ученици го завршуваат основното и го продолжуваат своето школување на едно од средните државни училишта. Училиштето не ги следи постигнувањата на учениците при преминот од основно во средно образование. Во училиштето се испраќа известување во кои средни училишта нашите ученици го продолжиле своето образование, но не и информации за нивните постигнувања во средното образование.<br>Училиштето добива списоци со училишнои обврзници од МВР пред да започне запишувањето на учениците во прво одделение. Училиштето ги опфаќа децата кои живеат во населените места: с.Средно Коњари, с.Долно Коњари, с.Горно Коњари, с.Сушица и с. Чифлиг. Пред започнување на уписот во прво одделение училиштето истакнува соопштение и ги информира родителите за започнување на уписот и за доставување на потребната документација.<br>Наставниците редовно ги следат постигањата на учениците и транспарентно ги информираат родителите и учениците за успехот со насоки за подобрување на истиот. За напредокот и постигнатите |

| | |
|---|---|
| | резултати учениците се информираат од одделенските раководители и предметни наставници, писмено и усмено, а родителите добиваат известување при индивидуални и општи родителски средби, како и по електронски пат (Е-дневник) и преку СМС пораки. На крајот од секој класификационен период одделенските наставници и одделенските раководители изготвуваат евидентни листи со информации за успехот и поведението на учениците од прво до деветто одделение. Учениците од прво до трето одделение се оценуваат описно, додека учениците од четврто до шесто одделение се оценуваат комбинирано, а учениците од седмо до девето одделение бројчано. Евидентните листи содржат информации за социјализацискиот развој на учениците. Од родителите се бара да дадат повратни информации по кои се превземаат соодветни активности за подобрување на успехот и постигањата на учениците.<br>Напредокот, односно постигањата на учениците редовно се следат и преку одржаните одделенски и наставнички совети. Присутноста, односно редовноста на учениците континуирано се следи и евидентира од страна на предметните и одделенските наставници и стручни соработници. За учениците кои неоправдано отсуствуваат од настава се применуваат , изредкуваат педагошки мерки.<br>Родителите на учениците кои имаат намален успех во учењето, нередовно посетуваат настава или се однесуваат несоодбетно се поканувaат на советување од страна на одделенските и предметните наставници и раководители, а советувањето го спроведува психологот на училиште.<br>Стручните соработници подготвуваат редовни извештаи и анализи на крајот од секој класификационен период, по паралелки и наставни предмети, на ниво на одделенија, по пол, етничка припадност и прават споредбени анализи за три учебни години.<br>На учениците кои преминуваат во друго учеилиште им се издава преведница со потпис и печат од одделенскиот раководител и директор заведена во Деловникот на училиштето и училишна книшка, писмена согласност за префрлување во друго училиште, согласност за прифаќање од другото училиште, како и мислење за ученикот. |
| | **Задржување/осипување на ученици**<br>До овој период не е евидентирано осипување на групи на ученици по полова или етничка припадност од училиштето поради економски проблеми. |
| **Закон за образование** | **Повторување на ученици**<br>Од истите извештаи на крајот од учебната година се забележува дека нема ученици кои ја повторуваат годината.Според законот за основно образование донесен од Министерството за образование, објавен во службен весник постои процедура која овозможува ученикот да поднесе жалба доколку има потреба од неа. |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Постигнувања на учениците**

| **Собирање на податоци и кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. Прашалници, анкети,** |
|---|

| набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета за наставници** | **Анета А. Колевска Анета Стојановска** | **Од вкупно 36 наставника редовно вработени во нашето училиште, анкетирани беа вкупно 25 наставника земајќи ја во предвид етничката и половата припадност, 13 македонци, 9 албанци и 3 бошњаци, од кои 16 женски и 9 машки.<br>Од анкетираните наставници 84% одговориле дека училиштето планира и превзема конкретни активности за постојано подобрување на постигнувањата на учениците.<br>68% од наставниците се изјасниле дека училиштето ја практикува примената на ИКТ во секојдневниот наставен процес, а 32% одговориле дека понекогаш ја практикува примената на ИКТ во секојдневниот наставен процес.<br>Од анкетираните наставници 92% одговориле дека училиштето има инструменти со кои ги следи постигнувањата на учениците по наставни предмети и по квалификациони периоди и според различна полова и етничка припадност.<br>92% од наставниците одговориле дека наставниците користат активни методи во наставно – образовниот процес.** |
| **Анкета за родители** | **Мендух Цури** | **При реализација на анкетите беше земена во предвид етничката припадност на учениците, па така од вкупно анкетираните 40 родители, 7 од нив се македонци, 16 албанци и 17 бошњаци.<br>Од вкупно анкетираните родители 85% одговориле дека се добро информирани за активностите на училиштето и како нивното дете напредува, а само 5 % одговориле дека понекогаш се информирани за активностите.<br>За соработка на родителите со наставниците 92.5%од анкетираните родители се изјасниле дека наставниците се отворени за комуникација со родителите за постигнувањата на учениците, 5,% одговориле дека не се отворени за комуникација и 2,5% од родителите одговориле дека наставниците се отворени за комуникација за постигнувањата на учениците.<br>во училиштето.<br>80% од родителите сметаат дека училиштето ги промовира личните постигнувања на учениците, 7,5% сметаат дека не ги промовира и 12,5%сметаат дека училиштето понекогаш ги промовира личните постигнувања на учениците.<br>87.5 % од родителите одговориле дека наставниот кадар ги почитува индивидуалните карактеристики на учениците, 5 % одговориле дека не ги почитува индивидуалните карактеристики на учениците и 12,5% одговориле дека понекогаш** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **ги почитува индивидуалните карактеристики на учениците.**<br>**82,5% од родителите се изјасниле дека училиштето става голем акцент на постигнувањата на сите ученици, 17,5 % дека незнаат.**<br>**72,5% од родитетелите се изјасниле дека наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање на учениците, 22,5 % дека не знаат и само 5% сметаат дека не се користи пофалбата како начин на мотивирање.**<br>**Во однос на прашањето дали училиштето се грижи за емоционалниот и социјалниот развој на учениците 72,5% одговориле позитивно, 17,5% понекогаш и само 5% негативно.** |
| **Анкета за ученици** | **Сузана Кржаловска** | **Анкетирани беа 40 ученика (7 македонци, 17 бошњаци, 16 албанци) односно 12% од вкупната бројност на учениците во училиштето. При тоа се зема во предвид половата и етничката припадност на учениците.**<br>**77,5% од анкетираните ученици одговориле училиштето става голем акцент на постигнувањата на сите ученици, а 22,5% одговориле дека училиштето понекогаш става голем акцент на постигнувањата на сите ученици.**<br>**75% од учениците одговориле дека учениците имаат можност да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и вонпаставните активности, 22, 5% одговориле дека понекогаш имаат можност да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и вонпаставните активности и само 2,5% дека немаат можност да ги изразат своите креативно потенцијали.**<br>**75% од учениците одговориле дека сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло, способностите и 25% одговориле дека само некои наставници се однесуваат подеднакво кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло, способностите.**<br>**92,5 % од учениците одговориле дека имаат кому да се обратат за помош или совет во училиштето кога имаат некој проблем, а само 7,5 % дека понекогаш имаат кому да се обратат кога за совет или помош кога имаат некој проблем.**<br>**92,5% од учениците одговориле дека наставниците им помагаат кога имаат потешкотии во учењето, 5 % одговориле дека понекогаш наставниците им помагаат кога имаат потешкотии во учењето и само 2,5% дека наставниците не им помагаат кога имаат потешкотии во учењето.**<br>**70% од учениците одговориле дека дополнителната настава им помага во надминување на потешкотиите при учењето, 27,5% дека дополнителната настава понекогаш им помага во надминување на потешкотиите при учењето и 2,5 % дека дополнителната настава не им помага во надминување на потешкотиите при учењето.** |

| | | |
|---|---|---|

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Постигнувања на учениците**

| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>- Во училиштето редовно се прават суштински анализи за постигнатиот успех на учениците по предмети, по полова и етничка припадност, по паралелки и одделенија , споредбена анализа на изостаноци на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година.<br>- На крајот од учебната година се спроведува екстерно тестирање од страна на МОН.<br>- Се применуваат диференцирани тестови кај ученици кои имаат потешкотии во учењето.<br>- Сите ученици го завршуваат основното образование и се запишуваат во средните училишта<br>- Наставници одговориле дека имаат пристап и работат на информатичка технологија и според можностите ја вклучуваат во редовната настава при реализација на наставните планови и програми. |
| **Слабости**<br>- Недоволна ангажираност на сите субјекти во воспитно-образовниот процес.<br>- Немање стручна помош од лица (дефектолози) во реализација на воспитно – образовниот процес за деца со пречки во развојот.<br>- Немање на спортска сала |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Постигнувања на учениците**

| **Анализа на резултатите:**<br>*Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје* |
|---|
| Врз основа на прегледаните документи утврдено е дека постигнувањата на учениците се на завидно ниво. Од направената анализа кај учениците дојдено е до заклучок дека доаѓа до пораст на успехот гледајќи ретроспективно од четврто до деветто одделение. Учениците кои имаат потешкотии во учењето редовно се вклучени во дополнителната настава кон кои наставникот применува индивидуален пристап. Од страна на педагошката служба во соработка со класните и одделенските наставници радовно се прават анализи на постигнатиот успех на учениците по предмети, пол, изостаноци.<br>Од досега направените анализи се доаѓа до заклучок дека нема ученици кои ја повторуваат годината. За успехот на учениците придонесува и соработката помеѓу родителите и училиштето. Подобрувањето на успехот се постигнува преку мотивација и третирање на учениците како активни субјекти во наставата.<br>Исто од анкетните листови може да се увиди дека и наставниците се изјасниле дека постои соработка со родителите, но нецелосна, па затоа понекогаш се принудени да ги повикаат самите родители по телефон или да ги посетуваат во нивните домови доколку има потреба. |

| |
|---|
| Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето<br><br>- Соодветен инвентар според возраста на учениците<br>- Аудио-визуелни средства<br>- Организирање стручни предавања од страна на стручни лица (дефектолози, лекари) во реализација на воспитно - образовниот процес за деца со пречки во развојот |